ПРЕДЛОГ   П Р О П О З И Ц И И

за натпревари во 2024 година за дисциплина „Метод Фидер“

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие пропозиции поблиску се уредуваат прашањата во врска со организирањето на натпреварите од страна на МРФ и ЗСР, СРК, СРД, (скратено име за сите риболовни здруженија и клубови (во понатамошниот текст е РЗК) и тоа:

1. Прва лига категорија сениори
2. Куп натпревари на Република Македонија;
3. Натпревари во организација на РЗК.

### Член 2

Натпреварите на кои се однесуваат овие Пропозиции, во сите конкуренции, се одржуваат согласно Правилата и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

### Член 3

Со натпреварите раководат:

- Организаторот (МРФ или РЗК)

- Натпреварувачката комисија на МРФ за дисциплина „Фидер“

Член 4

За натпревари во организација МРФ се изработува Календар за секоја натпреварувачка година одделно.

Во истиот се внесуваат датумите и местото на одржувањето на натпреварите во сите конкуренции, со евентуални ограничувања за техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат.

За секој натпревар одделно, натпреварувачката комисија на Македонската Риболовна Федерација, изготвува Програма.

Во програмата се наведуваат термините и местото на одржувањето на натпреварот, евентуални ограничувања на видови на риби кои не се бодуваа и риболовен прибор, судиски колегиум, место на доделување на награди и признанија и сл. која се доставува до сите РЗК, членки на МРФ, најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржувањето на истиот..

Натпреварувачката комисија има право да изврши измена на термините, техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат, како и местата на одржувањето на одделни натпревари, по однос на виша сила, неповолни услови, како и други непредвидени ситуации

при кои не би можел да се организира и одржи натпревар за што е должна да ги извести сите РЗК учеснички на натпреварот најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на истиот.

Член 5

РЗК, организатори на натпревари во спортски риболов, до МРФ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен инспекторат за земјоделство и Агенција за млади и спорт, задолжително доставуваат Програма со времето и местото на одржувањето на натпреварите најмалку 15 дена пред одржувањето на истите.

Член 6

За учество на натпреварите, без оглед дали се во организација на РЗК или МРФ, натпреварувачите и капитените на сите екипи учеснички задолжително да поседуваат спортска легитимација.
За добивање на спортска легитимација потребно е да се достават до МРФ следниве документи :

- Барање за регистрација на сите натпреварувачи и капитени на екипите
- Спортски договори за сите натпреварувачи и капитените на екипите
- Лекарски уверенија за сите натпреварувачи издадено од лекар за спортска медицина или интернист
- Лично осигурување за сите натпреварувачи

Член 7

На натпреварите во организација на МРФ, капитени на екипи можат да бидат само лица со валидни спортски Договори склучени со тоа РЗК.

На натпреварите во организација на МРФ, за екипа можат да натпреваруваат само натпреварувачи со валидни (важечки) спортски Договори склучени со тоа РЗК.

## II. ЛИГА НАТПРЕВАРИ

Член 8

Лига натпреварите го носат името:

- Прва спортско риболовна лига во конкуренција (се наведува конкуренцијата);

II.1 Прва спортско риболовна лига во дисциплина „Метод Фидер“:

Член 9

Првата спортско риболовна лига е во поединечна конкуренција.

Член 10

Право на учество во Првата лига, во натпреварувачката 2024 година, имаат сите РЗК.

Член 11

Циклусот на натпреварите за натпреварувачка 2024 година ќе трае 1 (едно ) коло , Државен куп на Македонија , кој е посебен натпревар и се одржува во еден ден

Член 12

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во спортски риболов во Р. Македонија односно бодување според правилникот за фидер натпревари за 2024 година.

Член 13

Најдобро пласираниот натпреварувач се стекнува со епитетот освојувач на купот МЕТОД на Р.С. Македонија за 2024 година.

Член 14

**Стандарден распоред на звучни сигнали за натпреварите во дисциплината Метод фидер:**
**До 07:15** Пријавување
**07:30** Извлекување на стартните позиции
**08:00 Прв сигнал**, влегување во стартните места
**08:30 Втор сигнал**, 5 минути до контрола на прихраната и мамките
**08:35 Трет сигнал**, контрола на прихраната и мамките
**09:20 Четврти сигнал**, прихранување со тешка прихрана
**09:30 Петти сигнал**, почеток на ловењето на риби
**14:25 Шести сигнал**, 5 минути до крајот на натпреварот
**14:30 Седми сигнал**, крај на натпреварот

Член 15

Прихраната, мамките и адитивите мора да бидат од природно потекло и да не бидат штетни за околината.

На тренинзите и натпреварите, забрането е користење на мамки од метал или вештачки мамки (имитација на пченка, коноп, пченица, црви, свилена буба, ларви, црви од земја и сл.) и од било кој синтетички материјал (силикон, стиропор, гума, сунгер и сл.)

Забрането е користење на вештачки мушички и мамки направени од риба или делови од риба и рибна икра како и други животински видови (жаби, ракови и сл.)

По завршувањето на тренингот или натпреварот, најстрого се забранува, преостанатите мамки и прихрана да се истураат во водата

Вкупна дозволена количина на прихрана, вклучувајќи ги и додатоците е 20 литри.

Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, пченица, коноп, спод микс, пелети, боили со било која големина, адитиви и слично.

Прихраната треба да е во влажна и просеана состојба.

Електрични уреди за мешање, сечкање и сл., на прихраната, дозволени се само пред проверка на прихраната.

Користењето на електричните уреди за сечење на мамките не можат да се користат, затоа што мамките при проверката мора да се во целосна состојба.

Откако ќе се изврши проверка на прихраната и мамките, се забранува мешање на прихраната или просејување низ сито.

Дозволено е да се додадат мамки само во прихраната.

Член 16

**Четвртиот звучен сигнал** означува тешко прихранување и натпреварувачот може да прихранува максимално 10 минути.

За време на тешката прихрана и во текот на целиот натпревар, дозволена е употреба на отворена хранилка. Риболовната трска со која се прихранува не смее да се користи за ловење на риби. За време на натпреварот оваа трска мора да биде надвор од водата, да стои одвоено од останатите трски и не смее да има монтирано јадица на нејзе.

Не е дозволено прихранување со раце, чатал или било која друга опрема за исфрлање на прихраната. .

**Петтиот звучен сигнал** го означува почетокот на натпреварот

Член 17

Максимална дозволена должина на риболовните трски е 4,5 метри.

За ловење и прихранување може да се користат риболовни трски специјализирани за фидер техника или за други риболовни дисциплини како крапски риболов, риболов од обала и сл.

Натпреварувачот може да има неограничен број риболовни трски, но дозволено е ловење само една која може да ја држи во рака или да биде потпрена на платформата. За непочитување на ова правило следува дисквалификација на натпреварувачот.

На риболовната трска мора да има поставено машинка и хранилка која за време на натпреварот може да биде празна или полна со прихрана, мамци, земја и сл.

На резервните риболовни трски не смее да има храна во хранилките. Дозволено е да има поставено мамец на јадицата.

Димензиите на чуварките мора да бидат следните:

Минимална широчина на обрачите од 40 цм. Доколку е со правоаголна форма дијагоналата треба да е најмалку 50 цм.

Минималната должина да е 3,5 метри. Окцата да се од 1х1мм до максимално 10х10 мм.

Чуварката мора да биде потопена во водата со целата своја должина, а најмалку 1,5 метри за време на целиот натпревар.

Завршни Одредби

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Натпреварувачка комисија

„Фидер“ 2024 година

Претседател,

Гоце Симјановски